ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД во совет составен од судиите: Владанка Панчурова - Сулејманова - претседател на советот, Дијана Димитрова и Емрије Зубери - членови на советот, со записничар Ивица Наумоски - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на Државна комисија за жалби по јавни набавки, изјавена преку Државен правобранител за подрачје Скопје, против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1083/2018 од 23.01.2020 година, за јавна набавка, на седница одржана на ден 27.04.2021 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на Државна комисија за решавање на жалби по јавни набавки, изјавена преку Државен правобранител за подрачје Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1083/2018 од 23.01.2020 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1083/2018 од 23.01.2020 година тужбата на тужителот ЕКОТЕХ ДОЗИМЕТРИЈА ДОО од Загреб - Република Хрватска - Подржница во Скопје, ја уважил и оспореното Решение на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.08-320/7 од 22.05.2018 година го поништил.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужениот орган преку Државен правобранител за подрачје Скопје, поради суштествени повреди на одредбите од постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи пресудата на Управниот суд да се преиначи на начин што тужбата на тужителот да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата на тужениот орган е неоснована.

Од увидот во списите на предметот Управниот суд утврдил дека договорниот орган ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија спровел постапка за јавна набавка со Оглас за Барање за прибирање на понуди бр.05/2018 за набавка на услуги - акредитирано тело кое ќе изврши

тестирање и достави извештај за извршени тестови за контрола на квалитет на опремата, за што претходно била донесена Одлука за спроведување на јавна набавка бр.05-216/2 од 23.04.2018 година објавена на ЕСЈН и во „Службен весник на Република Македонија“. Набавката не била делива и истата се спроведувала во хартиена форма и било предвидено да заврши со спроведување на Е-Аукција како последна фаза на постапката, во која како критериум за избор била предвидена најниската цена, а од понудувачите било побарано да достават Изјава за независна понуда и Изјава за сериозност на понудата. До крајниот рок за поднесување на понудите - 30.04.2018 година пристигнале вкупно 2 понуди и тоа од тужителот - ЕКОТЕХ ДОЗИМЕТРИЈА ДОО од Загреб - Република Хрватска - Подржница во Скопје и избраниот понудувач - ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија, за што бил составен Записник од отворањето на понудите бр.05-216/4 од 30.04.2018 година, по што по извршената проверка на комплетноста и валидноста на понудите Комисијата при договорниот орган, прифатливите понуди ги поканила на закажаната Е-Аукција за што бил составен Извештај од спроведена аукција бр.05-216/8 од 02.05.2018 година и Извештај од спроведена постапка бр.05-216/9 од 03.05.2018 година, по што Комисијата при договорниот орган дала предлог за избор на најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор - ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија - Скопје, кој предлог бил прифатен од одговорното лице и била донесена Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-216/12 од 07.05.2018 година.

Незадоволен од одлуката на договорниот орган, економскиот оператор ЕКОТЕХ ДОЗИМЕТРИЈА ДОО од Загреб - Република Хрватска - Подржница во Скопје поднел жалба, по која Државна комисија за жалби по јавни набавки донела Решение бр.08-320/7 од 22.05.2018 година со кое жалбата ја одбила како неоснована.

Незадоволен од вака донесеното решение ЕКОТЕХ ДОЗИМЕТРИЈА ДОО од Загреб - Република Хрватска - Подржница во Скопје поведе управен спор пред Управниот суд кој со Пресуда У-5.бр.1083/2018 од 23.01.2020 година истата ја уважил и оспореното решение на тужениот орган го поништил.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 3 точка 11 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07 ... 120/16), тендерска документација е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата. Согласно точките 18 и 24 од истиот член, понуда е предлог од понудувачот изготвен врз основа на тендерската документација и претставува основа за доделување на договорот за јавна набавка, додека прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги

исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

Согласно член 129 став 1 од истиот закон, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно членот 140 став 8 од истиот закон, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите по предметот утврди дека Управниот суд правилно заклучил кога прифатил дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот. Овој суд најде дека Управниот суд правилно утврдил кога нашол дека тужениот орган не ги применил правилно горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил жалбата на тужителот како неоснована, констатирајќи дека договорниот орган правилно ја спровел предметната постапка за избор на најповолна понуда, при тоа образлагајќи дека договорниот орган правилно констатирал дека избраниот понудувач претставувал овластена и акредитирана установа за вршење мерења и контрола на квалитетот на рентген апарати согласно членот 6 од Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, па врз основа на тоа не подлежел на посебни постапки за добивање на посебна дозвола за вршење на дејност која е определена во наведениот закон. Имено од извршениот увид во списите кон предметот, како и согласно цитираните законски одредби, избраниот понудувач ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија, иако е еден од надлежните органи за спроведување на предметот и целите од Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, истиот делува т.е. предметот на неговиот делокруг е ограничен во рамките на овластувањата кои евентуално т.е. за секој случај одделно, ги добива од Дирекцијата за радијациона сигурност (како друг надлежен орган согласно цитираниот закон), согласно членот 6 од наведениот закон. Ова значи дека ЈЗУ Институтот за јавно здравје на РМ, иако во рамките на неговиот делокруг на дејност, согласно членот 6 став 2 точка 4 спаѓаат и работи како „мерења на степенот на изложеност на јонизирачкото зрачење на лицата кои работат со извори на зрачења, како и на населението“, истиот постапува само по претходно барање и под услови пропишани од Дирекцијата за радијациона сигурност, а кои не се од комерцијален карактер како што е случајот во предметната јавна набавка. Од друга страна од извршениот увид во тендерската документација, како и од понудата, а имајќи го предвид предметот на конкретната јавна набавка - „акредитирано тело кое ќе изврши тестирање и достави извештај за извршени тестови за контрола на квалитет на опремата“, е и фактот што договорниот орган како еден од критериумите за утврдување на способност на понудувачите за вршење на професионална дејност во точката 8.2 од Тендерската документација, го навел и поседувањето на документ со кој понудувачот ќе докаже дека е

овластен/регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејност поврзана со предметот на конкретната јавна набавка согласно позитивните законски прописи, кој документ избраниот понудувач не го доставил со понудата.

При повторното постапување и одлучување тужениот орган ќе треба во целост да постапи согласно напатствијата на Управниот суд, па со правилно и целосно утврдување на фактичката состојба на работите и согласно цитираната законска регулатива, да донесе правилна и законита одлука.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужениот орган но наоѓа дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Управниот суд при одлучувањето дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на пресудата, а со кое образложение во целост се согласува и овој суд.

Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата согласно член 357 од Законот за парнична постапка и член 7-а од Законот за управните спорови.

Пресудено во Виш управен суд на ден 29.04.2021 година под УЖ-2.бр.300/2020.

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/АМ

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник